**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-174/4**
**22.01.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање наш бр.18-174/1, 11.01.2024г. од Виолета Мирчевска Велковска, (ИЗИИС-УКИМ) , ул. Мит. Теодосиј Гологанов 43А/3-24 Скопје, преку Застапник/полномошник, адвокатска канцеларија Никола Додевски – Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР** на Барање наш бр.18-174/1, 11.01.2024г. од Виолета Мирчевска Велковска, (ИЗИИС-УКИМ) , ул. Мит. Теодосиј Гологанов 43А/3-24 Скопје, преку Застапник/полномошник, адвокатска канцеларија Никола Додевски – Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** бр.18-174/3, 22.01.2024г. кон ова решение.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот Виолета Мирчевска Велковска, (ИЗИИС-УКИМ) , ул. Мит. Теодосиј Гологанов 43А/3-24 Скопје, преку Застапник/полномошник, адвокатска канцеларија Никола Додевски – Скопје, достави барање наш бр. наш бр.18-174/1, 11.01.2024г.. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

Со барањет бр.18-174/1, 11.01.2024г. Барателот бара да му бидат доставени информации за:

1. Дали е пристигнато во Општина Крива Паланка позитивно мислење за проектираниот степен на механичка отпорност , стабилност и сеизмичка заштита на градбата. Основен проект за статичка и динамичка анализа на јаловиште бр. 2 на рудникот Тораница , Крива Паланка.
2. Увид во проектот за кој е дадено позитивно мислење. Барателот го бара проектот во електронски (pdf) формат да му се достави на imeil.

Информацијата што се бара од страна на барателот е информација од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и Листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка бр. 09-204/11, 27.01.2020 година.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-174/3, 22.01.2024г. како прилог кон решениeто.**

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информацитe од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-174/3
22.01 2024 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**Бр.29-174/3 од 22-01-2024г.**

До:
Лидија Митовака-одговорно лице
за посредување со информации
ул.„св.Јоаким Осоговски“ бр.175
Крива Паланка

Предмет: Одговор на барање на информација од јавен карактер

Врска : Барање бр.18-174/1 од 11-01-2024г. Од име на Виолета Мирчевска Велковска, застапувана од адвокатска канцеларија Никола Додевски од Скопје

Почитувани,

По однос на Вашето барање за доставување на информација од јавен карактер по однос на поведена постапка и документација во врска со Јаловиште бр. 2 во рудник Тораница во Крива Паланка ,а врз основ на информацијата добиена од раководителот на сектор,Ве изветуваме дека пред Општина Крива Паланка нема поведено постапка на име на горенаведениот предмет.

Согласно на горенаведеното не сме во можност да ви ја доставиме бараната документација.

Припремил:
Советник за просторно и урбанистичко
планирање и издавање на одобренија за градба

Кире Велески, диа

Контролирал-Одобрил:
Раководител на сектор за урбанизам,сообраќај,
заштита на животната средина и комунална
инфраструктура

Маја Костадиновска,диа

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Градоначалник,
Сашко Митовски